**Алајанс Уан Македонија АД**
Западен Булевар 105
1430 Кавадарци
Северна Македонија
ДБ: 4011986111260

Тел: 389 43 414 599
Факс: 389 43 414 605
www.aointl.com

31.08.2026

---

Алајанс Уан Македонија АД, Кавадарци е консолидирана филијала на Алајанс Уан Интернешенал во состав на холдинг компанијата Пиксус Интернешенал со седиште во Морисвил, Северна Каролина, САД.
Алајанс Уан Македонија АД се занимава со откуп, обработка и промет на ориентален тутун во лист.

Една од главните цели на компанијата низ деценискoто присуство на македонскиот пазар е да го промовира квалитетниот македонски ориентален тутун како основна состојка на најпознатите светски брендови на цигари и други тутунски производи.

---

Алајанс Уан Македонија АД, Кавадарци објавува оглас за вработување на еден извршител на неопределено време на следното работно место:

**Работно место:**

**Координатор за безбедност и здравје при работа, животна средина и одржливост**

**Опис на работните задачи:**

- Обезбедува оперативна и координативна поддршка во спроведувањето на активностите од областа на безбедност и здравје при работа, животна средина и одржливост.
- Води и ажурира документација, евиденции, извештаи и податоци поврзани со безбедноста и здравјето при работа, животна средина и ИСО стандардите.
- Координира и следи реализација на активности поврзани со обуки, лична заштитна опрема, проценка на ризици, инциденти и корективни и превентивни мерки.
- Учествува во подготовка и реализација на интерни и екстерни ревизии и надзори, како и во активности за обезбедување усогласеност со законските и корпоративните барања.

**Потребно образование:**

- Високо образование од технички, природни или сродни области (инженерство, безбедност, животна средина, или друга релевантна област).

**Работно искуство:**

- Претходно работно искуство на слична позиција, како и познавање на законската регулатива од областа на безбедноста и здравјето при работа и животната средина, ќе се сметаат за предност.

**Алајанс Уан Македонија АД**
Западен Булевар 105
1430 Кавадарци
Северна Македонија
ДБ: 4011986111260

Тел: 389 43 414 599
Факс: 389 43 414 605
www.aointl.com

**Други квалификации:**

- Познавање на ИСО стандардите 9001,14001 и 45001
- Одлично познавање на говорен и пишан англиски јазик
- Одлично познавање на MS Office

**Вештини:**

- Организациски способности
- Истакнати комуникациски вештини
- Фокус кон забележување на детали
- Тимска работа

Работното време изнесува 40 часа неделно од 8 до 16 часот.

Кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови, своите професионални биографии можат да ги проследат по електронски пат на: hrjobs@aointl.com

Крајниот рок за аплицирање е најдоцна до 15/09/2026.

Само кандидатите кои ги исполнуваат горенаведените услови ќе бидат повикани на понатамошна постапка за селекција.

Сите пристигнати биографии ќе се третираат со максимална доверливост.

***Алајанс Уан Македонија се стреми да го промени животот на луѓето и веруваме дека сите ние заеднички можеме да создадеме еден многу подобар свет. Оваа цел може да се оствари само со вистинските луѓе и со вистинскиот тим, преку заедничка работа и градење на тимскиот дух.***

Согласно законот за заштита на личните податоци, гарантираме дека вашите лични податоци ќе се користат само за целите на процесот на регрутирање и ќе се третираат со најголема доверливост. Со Вашата апликација, се согласувате за обработката на Вашите лични податоци.